| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е2.1-Згради на патниот сообраќај со инсталации и простори (Полигон за обука на возачи), на дел од КП 2356, КО Оризари-вгр, Општина Велес, |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Одделение за урбанизам - Општина Велес |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Велес |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Биљана Тасева, дипл.инж.арх<br>Друштво за проектирање трговија и инженеринг ДООЕЛ Велес УРБАН ПРОЕКТИНГ |
| Назив на работното место | Урбанистички планер |
| Контакт податоци за лицето | ДПТИ" УРБАН ПРОЕКТИНГ" ВЕЛЕС<br>ул. Никола Оровчанец бр.1 Велес,<br>Тел: 070/222-848 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 08-4670/1
07.12 2024 год.
ВЕЛЕС

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) |
| Од Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. број 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот. Документационата основа претставува основен појдовен елемент во методолошкиот процес на истражување и истата ќе послужи како основа за изработка на планската документација. Со анализа на просторот во рамките на опфатот, се добиваат потребните информации за постојната состојба и комуналната опременост па се до можностите за понатамошно користење на просторот. |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? |
| Да☒<br>Не☐ |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? |
| Предметната локација за изработка Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е2.1-Згради на патниот сообраќај со инсталации и простори (полигон за обука на возачи), на дел од КП 2356, КО Оризари-вгр, Општина Велес е опфатена во рамките на урбаниот опфат на Просторниот План на Република Македонија, според кој се изработени условите за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот - Скопје, Република Македонија, со технички број У24521 од Септември 2021, за кои Услови е добиено Решение од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. УП 1-15 1382/2021 од 21.09.2021 година. |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. |
| Не, се работи за Плански опфат со површина од 2581м$^2$ или 0,26 ха. |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: / | Точка: / | Алинеја: / |

| |
|---|
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. |
| Не. |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. |
| Да, Предметниот плански опфат е со мала површина од околу 0,26 ха или 2581м$^2$. |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. |
| Изградба на згради и комплекси на патниот сообраќај-полигон за обука на возачи на моторни возила, КО Оризари вон град, Општина Велес, ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, доколку е базирана врз принципите на одржлив |

развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)

Планирање на просторот

Периодот за донесување на планскиот документ.

5г.

Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?

5г.

Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)

Предмет на изработка ќе биде оформување на една градежна парцела согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање, одредување на катноста на градбата, површината за градба, компатибилните намени и сообраќајните пристапи, согласно стандардите и нормативите за урбанистичко планирање за ваков тип на објекти. Пристапот до локацијата за моторни возила ќе се планира преку постојните пристапни патишта од северо-источна страна на проектниот опфат.Границата на предметната Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е2.1-Згради на патниот сообраќај со инсталации и простори (полигон за обука на возачи), на дел од КП 2356, КО Оризари-вгр, Општина Велес. Планскиот опфат граничи со парцели со земјоделско земјиште.

Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.

Да ☒
Не ☐

Дали е приложена копија од целите?

Да ☒
Не ☐

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изградбата на згради и комплекси на патниот сообраќај-полигон за обука на возачи на моторни возила, КО Оризари вон град, Општина Велес, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа. Притоа да се внимава да не дојде до:<br>- Искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности;<br>-Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии;<br>- Во околината на полигонот да се засади зеленило, со цел да се намали нивото на бучава од сообраќајот. При изборот на вегетацијата да се даде приоритет на видовите со висок биоакумулативен капацитет за загадувачки материи во воздухот и почвата;<br>- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот;<br>- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;<br>- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Времетрањето на влијанијата врз животната средина се краткотрајни во фаза на изградба на објектот и оперативна фаза, но со мал интензитет заради природата на дејностите кои ќе се одвиваат во нив. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина , животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на проектни содржини Згради на патниот сообраќај со инсталации и простори (полигон за обука на возачи) не спаѓаат во група на директни загадувачи на животната средина , животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |

| | |
|---|---|
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Во планскиот опфат не се предвидени објекти со намена домување во станбени куќи и објекти за колективно домување, а влијанијата при фазата на изградба се оценуваат како незначителни врз здравјето на луѓето пред се од бучава, вибрации, емисии во воздухот од возила и прашина. Овие влијанија се можни доколку се употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра, а на третираниот плански опфат ќе бидат опфатени потребните превентивни мерки за заштита и спасување од пожари со планираните урбанистички решенија во плански опфат и превидената примена на техничките нормативи при понатамошната фаза на проектирање и изградба на планираниот објект во истиот. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во Општина Велес на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 55.108 жители од кои 2.262 жители се од село Горно Оризари, но големината на популацијата која ќе биде засегната од планскиот опфат ќе биде незначителна согласно и површината на планскиот опфат од 0,26 ха. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Изградбата на згради и комплекси на патниот сообраќај – полигон за обука на возачи на моторни возила, КО Оризари вон г.р., Општина Велес на површина од 0,26ха, ќе овозможи развој на економските активности во националната економија. Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија врз животната и работна срединаИзведбата на планскиот опфат ќе овозможи позитивни ефекти со својата функционална содржина врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација , комплетна уреденост на просторот со што се овозможуваат услови за урбанизација. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Не се очекува. | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Во околината каде се наоѓа предметната локација, преовладува изменета умерено-континентална клима, но во однос на врнежите па и на |

| | |
|---|---|
| | температурата на воздухот во одредена мера се добиваат карактеристики и на модифицирана медитеранска клима. На високите планински масиви изразено е влијанието на планинската клима. Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, предметниот простор на кој се предвидува изградба на згради и комплекси на патниот сообраќај-полигон за обука на возачи на моторни возила, КО Оризари вон град, Општина Велес, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>- Доколку при изработка на предметната документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.<br>Заштита на културно наследство: - Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Оризари има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети. При изработка на планска документација од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.<br>- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 15/07,18/11,148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18,20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство. |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на | Не се очекуваат. Тие ќе бидат следени од страна на надлежни органи. |

| | |
|---|---|
| животната средина или граничните вредности | |
| Интензивна употреба на земјиштето | При увидот на лице место, согледано е дека просторот е градежно неизграден и затоа треба програмски да се осмисли и испланира за реалните потреби.На геодетската подлога, изработена од овластена фирма ажурирана есостојбата на просторот, со сите свои параметри на поставеност, димензии и висински точки на предметната локација и нејзината околина. До локалитетот има обезбедено пристап преку постоен пат кој е опфатен со Проект за инфраструктура, а поминува пред самата локација до проектниот опфат кој е предмет на овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е2.1-Згради на патниот сообраќај со инсталации и простори (полигон за обука на возачи), на дел од КП 2356, КО Оризари-вгр, Општина Велес. Предметниот проектен опфат е со површина од 2581м2 (0,26ха) со намена: НЗ – Неизградено земјиште.<br>При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од 1-ГУ бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Не се евидентирани. |

| |
|---|
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Со планската документација се дефинира намената на земјиштето во планскиот опфат во кој се дефинирани услови за градење во планскиот опфат.<br>Изградба на планираниот објект во рамките на површините за градба, исто така во рамките на површините за градба, ќе се вршат во согласност со условите за градба и одобрената урбанистичко- техничка документација од надлежниот орган, базирана на законската и подзаконска регулатива во областа на урбанизмот, заштита на животната средина и техничките прописи во градежништвото. |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, |

објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):

За квалитетно и долгорочно водоснабдување на објектите од полигонот за возачи потребно е да се дефинираат заштитни зони околу изворникот и да се дефинира режим на заштита.

- Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) користењето на водите да биде врз основа на хидрогеолошки испитувања со кои ќе се дефинираат режимот на хранење на бунарите и квалитетот на водата.

- Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

Локацијата за изградба нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови. За новопредвидените градби потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници. Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е: А1 (М-5) - (Крстосница Требениште - врска со А-2 - крстосница Подмоље - Охрид - Косел - Ресен - Битола - Прилеп - Велес - Штип-Кочани - Делчево - граница со Бугарија - граничен премин Рамна Нива), делница Битола-крстосница Кукуречани-граница со Грција-граничен премин Мецитлија-делница Косел-врска со А-3-Охрид-граница со Албанија-граничен премин Љубаниште. Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака: Р1312 - (Врска со А3-Крива круша-Велес-Извор-Прилеп-врска со Р1303). Локацијата за изградба нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски и електронско комуникациски водови и објекти.

Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)

Со донесување на планот ќе се обезбеди повисока организација на просторот, инфраструктурна доопременост, а со негово имплементирање не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина.

Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.
(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)

Влијанието на бучавата се очекува во границите на планскиот опфат , но заради намената согласно урбанистичкиот проект во кој не се предвидени згради и семејни куќи се оценети како занемарливи и краткотрајни, а пред се заради типот на

| |
|---|
| возилата кои ќе се движат на планскиот опфат. Возилата во оперативна фаза пред се наменети се за правилно користење на моторното возило во сообраќајот и почитување на сообраќајните правила. Овие возила подлежат на строги контроли и потребно е да ги исполнуваат важечките стандарди. Влијанието врз животната средина во планскиот опфат се однесуваат и на правилно управување со отпадот, но тоа е опфатено во воспоставениот систем за управување со отпад на ниво на Општина Велес. Влијанијата врз животната средина дополнително се намалуваат и заради начинот на кој е предвидена просторната организација на планскиот опфат. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планскиот документ е во корелација со Просторниот план на РМ и во корелација со постоечкиот ГУП. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Нема спроведено претходна оценка. |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Сите можни влијанија ќе се земат во предвид при реализација на планот, како и при издавање на одобренија за градење со обезбедување на услови за контрола на влијанијата. Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата од спроведување на постапка за оценка на влијанијата врз животната средина, потребата од оцена врз влиајнието врз животната средина ја донесува органот на државна управа надлежен од областа на животната средина. Согласно со Законот за животната средина и законот за заштита на природат, правните и физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува оценка на влиајнието врз животната средина, се должни да изработат Елаборат за зажтита на животната средина со цел да се оценивлијанието на дејноста или активноста врз животната средина пред да започната со активноста ида го достават за одобрување до органот надлежен за одобрување и спроведување на проектот. |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник на Општина Велес<br>Марко Колев |
| Датум 07.12.2021<br>Место Велес | М.П. |